**До: – Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот – (претседател на комисијата)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 15. 07. 2025

| Орг. един. Njësia Org | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 17 | 40111/1 | | |

**Подносител:** Здружение на граѓани 16ти Март 2025 Кочани

Здружение на граѓани
16-ти Март 2025
Бр. 0307/007
10.07. 2025 год.
Кочани

**Предмет:** Претставка до Анкетната комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

# ПРЕТСТАВКА

Почитувани,

Ние, долупотпишаните сме родители и блиски членови на прерано загинатите млади човечки животи во трагичниот настан што се случи на 16 март 2025 во Кочани.

Ние знаеме дека никој повеќе не може да ги врати нашите најмили, ниту ќе ни овозможи последен поздрав со нашите деца.Тие беа наши чеда, нашата иднина, за кои правевме сè за нивното добро, колку ноќи имаме поминато непроспиени само да ја симнеме и најмалата температура и колку пати се обидувавме да ги надминеме нивните стравови и несигурности за на крај нивните животи трагично да завршат. Но, ноќите минати со кошмари од нивните пискотници и болката на сознанието дека живи изгореа во шупата за која сите институции премижале, непреземајќи ништо да ги заштитат животите на оние кои не бараа ништо друго освен забава и убави спомени, нè држи истрајни на патот да бараме правда со надеж и верба дека ќе спречиме никој никогаш да не ја доживее загубата на своите најблиски поради корупцијата која владее во оваа држава и која ги изгоре нашите деца.

Трагедијата која се случи докажа дека државата не го обезбедува човечкиот живот како што е гарантирано со законите и уставот, ниту пак гарантира правда и владеење на правото на секој еден граѓанин во Македонија подеднакво и така изгорени од системот и оставени да чекаме правда од неажурните институции поради кои сме овде каде што сме, нашите барања и крик за правда сметаме дека досега не беа сфатени доволно сериозно, па затоа со овој наш допис се обраќаме до Вас, членовите на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во Собранието на Република Македонија која цениме дека е надлежна да постапи при грубото кршење на највозвишеното човеково право – правото на живот во повеќе нивоа во нашиот случај, да постапи за настанот кој остави длабока и неизлечива болка во нашите

души, а истовремено не остави никој рамнодушен во цела Македонија и пошироко, за да се откријат недоследностите во системот кој животот на човекот наместо да го штити, го става во опасност.

Иако на јавноста сè е веќе познато, сепак накратко ќе се обидеме да Ви доловиме колку, всушност, е „заштитен" човековиот живот во нашата држава и колку владее правото и законите еднакво за сите.

Трагедијата што се случи ноќта на 16 март 2025 во шталата од дискотека „Пулс" во Кочани ги однесе животите на нашите 62-ца најблиски и над 200 повреди доживотно, а повеќе од 200 фамилии зави во црно засекогаш, со што нашите животи во еден миг ги украде корупцијата – за ич пари, како ништо да не вредат. За сите нас животот повеќе нема да биде никогаш ист, а со безобразното дозволување на тешко непочитување на законите во државата се плашиме дека безбедноста на многу други животи се во прашање и се надеваме дека ќе преземате се што е во Ваша можност до тоа да не дојде.

За истиот тој настан уште од првиот момент ни стана јасно, а денес веќе сме сигурни дека трагедијата од енормни размери, една од најголемите од ваков тип во Европа, се случи поради сериозни пропусти на системот, проследени со корупција и безредие од страна на институциите и органите кои требаа да го чуват законот! Се појавија толку многу неправилности и толку многу корупција што крајно доведе до прашање колку родителите или идните родители би им дозволиле на своите деца, сестри, браќа и блиски роднини да излезат во било кој кафич, ресторан, дискотека или кое и да е друго место, без да имаат доза на страв и загриженост дека нивните животи ќе станат само уште една црна статистика заради поголема заработувачка на некој корумпиран „газда".

Институциите како Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност, началниците и инспекторите во СВР и полициските станици во Штип и Кочани, Градоначалникот на општината, инспекторите, Државниот пазарен инспекторат, Министерството за економија и труд, Управа за јавни приходи и други – иако законски задолжени да вршат редовни контроли, да издаваат потребни дозволи, да ги регулираат условите за безбедност, да преземат мерки за спречување на злоупотреби, во случајов цалосно затаија, а на површина од сето ова излезе дека корупцијата, во сплет со законски недоречености, со години им овозможуваат на некои вака да си поигруваат и заработуваат врз човечките животи.

Од она што досега се случуваше, сфативме дека законите по кои треба да работат дискотеките во Македонија имаат многу простор за манипулации и изврттување на работите, нешто што го користат газдите потпомогнати од ситни корумпирани души на државни позиции, без да се размислува на последиците кои можат да настанат, а настанаа во нашиот случај. Како потврда на нашите

верувања во јавноста излегоа стручни лица кои посочија дека голем број од законите што требаше да ја гарантираат безбедноста на животите на нашите деца не се доволно прецизни, а со самото тоа прашање е колку во државата е безбедно и можно да се избегне некоја нова трагедија од ист вид.

И кога веќе неизбежното се случи, наидовме и на други препреки барајќи правда... Стравуваме дека нема да добиеме каква-таква правда за нашите чеда поради калкулантска истрага и политиканство од причина што, наместо досега веќе сите одговорни да бидат осудени и затворени, при сета болка и тага која ја носиме, сме принудени да молиме сите виновници да бидат кривично гонети од страна на државата. Слушавме ветувања дека никој нема да биде ослободен од вина, ама тоа што го гледаме направи никој од нас да не верува во институциите кои ги окривуваат и затвораат само оние кои се најдоле на ланецот на корупција, а ги амнестираат оние на функции и кои се еднакво одговорни за пожарот во шталата. Министри, директори, началници, инспектори кои од првиот момент требаше да бидат зад решеткиги гледаме како слободно и безгрижно се шетаат низ градот, а нашите деца ги изеде црната земја. Ова посебно се однесува за одговорните лица од ОВР Кочани, СВР Штип, Бирото за јавна безбедност, Државниот пазарен инспекторат, актуелната началничка во ОВР Кочани, началникот на Одделот за криминалистички работи во ОВР Кочани, главната инспекторка за економски криминал во ОВР Кочани, сменоводителот од ОВР Кочани, сите на денот на настанот и доколку во истрагата се вклучени бившите министер за економија, државната секретарка во Министерството за економија и директорот на Државниот пазарен инспекторат, несфатливо ни е поради кои причини во истрагата не се вклучени и актуелните функционери на истите позиции, како и бившите и сегашните функционери од сите надлежни институции за издавање на дозволи, согласности, одобренија и надзор за шталата „Пулс“.

Трагедијата која ни се случи, не само што ни ја зеде нашата иднина, туку ја исфрли на површина и горчливата вистина дека во Македонија основното право на живот не е гарантирано на никој. Никој не е безбеден и онаму каде што требало да биде. Безбедноста на животот и гарантираната правда во нашиот случај се само декларативни, нам државата не ни го обезбеди она што ни го гарантира и затоа сметаме дека е потребно да го разгледате нашиот случај и да го утврдите она што веќе го знаеме дека државата силно потфрлува пред криминалот и корупцијата и никој повеќе не се чувствува безбеден по својот живот, а еднаквоста пред законите е само за нас обичните смртници, не и за големите.

За нас ова не е политичка тема, туку борба за правда за нашите деца и спречување на идни вакви случаи. Ние како родители никогаш повеќе нема да ги видиме нашите деца, нема да ги видиме нивните најубави моменти кои требаше да ги доживеат, ниту ќе можеме некогаш повторно да им дадеме совет или да ги

видиме како се среќни остварувајќи ги нивните соништа, ништо не може да го смени тоа што нив повеќе ги нема. Викањата и кошмарите за нас и за повредените нема да престанат, гневот нема никогаш да спласне, но ќе ни биде барем малку полесно доколку добиеме одговори на прашањата кои не мачат и придонесеме да спасиме некој невин живот со тоа што ќе ги анулираме грешките во системот. Не сакаме ништо повеќе од она што Уставот и законите треба да го гарантираат: одговорност и почитување на човековите права и човечкиот живот, а што сметаме дека постои јасна и неодложна обврска институциите да дејствуваат и затоа од Вас бараме, согласно Вашите надлежности како парламентарна комисија:

- Да поведете постапка за разгледување на овој случај како сериозна повреда на човековите права и слободи, особено правото на живот, безбедноста и правична постапка;
- Да ги повикате на сослушување сите релевантни институции, функционери и физички лица кои имале надлежност или биле во позиција на одговорност пред, за време и по трагичниот настан;
- Да иницирате темелна парламентарна истрага преку собраниската Постојана анкетна комисија со која раководите, со цел да се откријат сите слабости во системот и евентуални прикривања, со посебен акцент на улогата на корупцијата;
- Да предложите итни измени во законската регулатива за работа на угостителски објекти, вклучително и јасни безбедносни стандарди, транспарентност во издавање на дозволи и зајакнување на контролата врз инспекциските органи; и
- Доколку утврдите дека имало масовна повреда на човековите права во трагедијата од Кочани, да поведете постапка за утврдување на одговорноста кај носителите на јавните функции.

Уште еднаш веруваме дека овој трагичен настан ќе го ставите во фокусот на општествената и институционална одговорност, со цел не само ние да добиеме одговори и надеж за правда, туку и да се спречат идни трагедии.

*Датум:*

*Со искрена почит,*

*10.07.2025 год.*

*Здружение на граѓани 16-ти Март 2025 Кочани*

Здружение на граѓани 16-ти Март 2025 *Кочани*

Подолупотпишани родители и блиски членови на прерано загинатите млади човечки животи во трагичниот настан што се случи на 16ти Март 2025 год. во дискотека ПУЛС во Кочани:

Стојанова Васка

Жарко Спасов

Стојка Антова

Владимирова Стојанка

Марија Петрушова

Милка Пасева

Љупчо Владимиров

Розета Јанова

Микова Ирена

Власте Василков

Александар Алексов

Горан Трифунов

Дарко Велков

Верица Трифунова

Горан Стоименов

Мајта Стоименова

Тошо Антов

Владимир Апостолов

Сашко Алексов

Зоран Манов

Стоименова Билјана

Тасе Коцев

Тања Коцева

Габриела Наунова

Наунов Александар

Драги Стојанов

Јулијана Андонова

Снежанка Цветанова

Ивана Трифунова

Елена Тасева

Даниел Ѓорѓиев

Ѓоре Величков

Александра Величкова

Кристијан Панов

Нада Манојловска

Габријела Алексова

Ката Василкова

Благој Алексов

Блаже Тасев

Јасминка Ивановска

Јадранка Велкова

Љупчо Димов

Кире Живков

Кате Живкова

Славче Живков

Сашо Ја[illegible]

Фадица Јагева

Крум Ефремов

Донче Танески

Весна Иванова

Виолета Алексова

Стојанчо Алексов

Александра Богданова

Сунчица [illegible]

Благица Богданова

[illegible]

Марина Величков

Александра Величкова

Миле Величков